

културно
просветна
заедница
на скопје

британски
совет

музеј на
современа
уметност

# скопско
# лето 93

## меѓународен семинар за фотографија скопје 93

## international seminar of photography skopje 93

6 - 9 . 07 . 1993
скопје
македонија





*ХЕЛЕН СИЕР* е познат британски фотограф која дипломирала на Ридинг универзитетот во 1979 година како најдобра во нејзината генерација. Своето образование го продолжила во Кардиефскиот универзитет за уметност и дизајн, каде што специјализирала фотографија, алтернативен медиум. Лондонскиот универзитет, препознавајќи ги нејзините способности, и доделува докторат во 1983 година. Ангажманите како професор и гостин предавач во Де вон колеџот, Универзитетот во Каролина и Институтот во Саутхемптон и дава можност на Хелен Сиер да го пренесе стекнатото знаење. Периодот 1980-1993 е исполнет со 22 изложби во најразлични уметнички центри во светот, како Лондон, Кардиф, Антверп, Минхен, Нотингем, Филаделфија и Северна Каролина, САД. "Креативна камера (25 години)" издадена во 1993 година е нејзина единствена публикација. Досега има учествувано на четири семинари, одржани во Поинтер, Амстердам, Ливерпул и Велс. Плодната творечка работа на Хелен Сиер е наградувана со признанија повеќекратно од страна на Уметничкиот совет, Ридерс Дајџест и Британското училиште во Рим.

*МИЛАН АЛЕКСИЌ* дипломирал на Белградскиот универзитет историја на уметноста, додека магистерската работа (фотографија) ја изведува на другата страна на светот - во Корнел универзитетот во САД. Се здобил со богато работно искуство во најразлични професии и земји, како наставник и "free lance" фотограф во Белград, кустос и член на Советот во Флеадинг галеријата во Канада и асистент во Корнел. Моментално дејствува како советник за култура во Британскиот совет во Белград. Самостојно изложувал во земјите каде што професионално бил ангажиран. Користејќи ја својата позиција како кустос, тој ги зближил фотографските визии на Канада и САД со тие на Југославија, организирајќи изложби "Современа југословенска фотографија" во Корнел и "Сон за мир" во Белград. Неговата активност на полето на фотографијата е одразена во бројните негови публикации. Владите на Канада, САД и Југославија ја препознаваат и наградуваат значајноста на неговата дејност.





**ЗЛАТКО ДОНЕВСКИ**, покрај професионалното занимавање со фотографија во кое е присутна комерцијалната фотографија, наменета за каталози, проспекти, календари и друго, авторот во последно време го наоѓа својот творечки израз во таканаречената **ФОТОГРАФИКА**.

Преку обични и необични форми во своевиден склоп на фотографијата и графиката, авторот ја ослободува фотографијата од каноните и ја дава во некоја нова димензија.

**ДРАГАН ТОДОРОВСКИ** е роден на 27 август 1962 година во Скопје. Со фотографија започнува да се занимава во фото-кино клубот "Козјак" од Кума-ново. Во организација на Фото сојузот на Југославија, во периодот од 1984 до 1988 година излагал во Битола, Бјеловар, Копривница, Куманово, Нови Сад, Скопје, Струга, Суботица, Вараждин, Штип и други места.

Неговите фотографии, дури и оние од најраниот период, скоро без исклучок, се со силна и јасна порака, високо естетизирани. А токму ова второво го издвојува од мноштво автори. Иако овој фотографски жанр честопати бара молскавично реагирање, без можност за доследно почитување на композициските и естетските начела, многу негови фотографии зрачат со артизам во најдобриот манир на фотографијата. Кај него точката на интересирање е јасно деференцирана, со висок степен на апстракција од небитните содржини. Изразот му е модерен, базиран на развиената интуиција и максимална информираност за настанот што го обработува.

Соработувал со "Време" од Белград, "Данас" од Загреб и "Неделна Даламација" од Сплит, како и со неколку други европски весници.





***ВЛАДО ГЕОРГИЕВ-ЧИКА***, роден 1964, Белград. Од 1964 година живее во Скопје. Со фотографија се занимава аматерски од 1984 во фото клубот ***"ЕЛЕМА"*** преку кој учествува на групни изложби во бивша Југославија и неколку европски земји. Од 1989 професионално се занимава со фотографија.



***АЛЕКСАНДАР КОНДЕВ*** е фотограф кој се занимава со професионална фотографија дваесеттина години и е еден од основачите на Клубот "Круг 25". Самостојни изложби има во 1978, 1988 и 1991 година во Скопје, а учествувал на голем број изложби во поранешна Југославија и во странство на кој освоил повеќе награди и признанија.

Фотографијата му е животна определба и затоа покрај професионалниот ангажман, се занимава и со некомерцијална фотографија, односно авторска фотографија.




АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ, роден на 26 октомври 1963 година во Прилеп, по своето искуство и објавените фотографии е меѓу најзначајните фотографии во нашето секојдневие. Со фотографија, како животна преокупација, креативно твори од почетокот на осумдесеттите. Моментно работи во ревијата "Екран" на НИП "Нова Македонија", а соработува со повеќе реномирани дневни весници и списанија во земјата и странство.

Самостојни изложби има организирано во Битола и Прилеп, а учествувал на повеќе заеднички изложби во Републиката. Последна јавна презентација имаше на театарските игри "Војдан Чернодрински" во Прилеп со изложбата насловена "Светлини од сцената", на која се претстави со фотографии кои не се чисто регистрирање на театарскиот чин или мимика, туку целосно режирање на моментот преку објективот на авторот.

На "Скопското лето" за првпат пред македонската културна јавност се претставува со фотографии од светот на музиката со што повторно се потврдува како личност отворена за промени.

СПОНЗОРИ

FOTO 1 hour
VIKTOR & ROLAND FOTO
TEL. 232-607

Aleko propagandni uslugi exp-imp.

PRESS FOTO VIDEO STUDIO

dizajn 5

godel

KOŽARSKI KOMBINAT „GOCE DELČEV" SKOPJE

Издавач:
Културно-просветна заедница на Скопје
За издавачот:
Мирко Стефаноски
Организација:
Ната Кецкаровска
Обликување:
Јоне Ристевски
Тираж: 500 примероци

печати печатница МИЛЕ - Скопје

Семинарот се одржува под покровителство на Собранието на град Скопје и Министерството за култура на Република Македонија

културно просветна заедница на скопје

# СКОПСКО ЛЕТО 93

**БРИТАНСКИ СОВЕТ**
**МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ**

***МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА ФОТОГРАФИЈА***
***СКОПЈЕ '93***
***УМЕТНОСТ НА БЕЛЕЖЕЊЕ СЕНКИ***
*6-9.07.1993 ГОДИНА*
***СКОПЈЕ - МАКЕДОНИЈА***

Меѓународен семинар за фотографија ќе го раководат:

Госпоѓа ***ХЕЛЕН СИЕР*** -ФОТОГРАФ ОД ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

***МИЛАН АЛЕКСИЌ*** - ФОТОРГАФ-БРИТАНСКИ СОВЕТ - БЕЛГРАД

***АЛЕКСАНДАР КОНДЕВ*** - ПРОФЕСИОНАЛЕН ФОТОГРАФ ОД СКОПЈЕ, УМЕТНИЧКИ РАКОВОДИТЕЛ НА СЕМИНАРОТ

***ДИРЕКЦИЈАТА НА СКОПСКО ЛЕТО***

Меѓународниот семинар на фотографија ќе се одржи од 6-9.07.1993 ГОДИНА ВО СКОПЈЕ ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ (ТВРДИНА "КАЛЕ")

I ПРЕДАВАЊА
- -СОВРЕМЕНА БРИТАНСКА ФОТОГРАФИЈА ПРЕДАВАЧ ГОСП. ХЕЛЕН СИЕР
- -ОБРАБОТКА НА ФОТОГРАФИЈАТА ЗА ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ МАКСИМАЛНА ДОЛГОТРАЈНОСТ ПРЕДАВАЧ МИЛАН АЛЕКСИЌ

II АВТОРСКИ ПРИКАЗНИ
- -ХЕЛЕН СИЕР И НЕЈЗИНАТА ФОТОГРАФИЈА
- -МИЛАН АЛЕКСИЌ - МОЕТО ГЛЕДАЊЕ НА ФОТОГРАФИЈАТА КАКО ФЕНОМЕН

III КРИТИЧКА РАБОТИЛНИЦА
- -КРИТИЧКА РАБОТИЛНИЦА I - ВОДИТЕЛИ: ХЕЛЕН СИЕР И МИЛАН АЛЕКСИЌ
- -КРИТИЧКА РАБОТИЛНИЦА II - ВОДИТЕЛИ: ХЕЛЕН СИЕР И МИЛАН АЛЕКСИЌ
- -КРИТИЧКА РАБОТИЛНИЦА III - (ИДЕЈА-ФОТОГРАФИЈА-ФИЛМ-ВИДЕО) ВОДИТЕЛ: РУМЕН ЌАМИЛОВ

IV ИЗЛОЖБИ
- -ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ НА ХЕЛЕН СИЕР - МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ
- -ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ НА МИЛАН АЛЕКСИЌ - МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

***ИЗЛОЖБА НА МАКЕДОНСКИ АВТОРИ***
- -ДРАГАН ТОДОРОВСКИ
- -АЛЕКСАНДАР ЃЕОРЃИЕВСКИ
- -ЗЛАТКО ДОНЕВ
- -ВЛАДО ГЕОРГИЕВ - ЧИКА
- -АЛЕКСАНДАР КОНДЕВ

V ФИЛМСКИ И ВИДЕО ПРОЕКЦИИ
МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ